# Листа од факти за ЛЕСС на Општина Штип

**ЛЕСС има консултативна и советодавна функција, разгледува прашања и дава мислења, предлози и препораки до Советот на општината и други органи за одредени прашања од економска и социјална сфера, прашања поврзани со вработувањето на младите, како и зајакнување на суштинските врски меѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините кои младите ги развиваат преку образовниот систем.**

## ОСНОВАЊЕ

- **На 01 август 2012г. Советот на Општина Штип донесе одлука за основање ЛЕСС;**
- **На 08 февруари 2013г. потпишана е Спогодбата за основање на ЛЕСС меѓу Општина Штип, Организација на Работодавачи на Македонија (ОРМ), Сојуз на Синдикати на Македонија (ССМ) и Конфедерација на слободни синдикати (КСС);**
- **Формиран е со поддршка од УСАИД проектот “Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување”–Мрежа ЈЕС;**



## МИСИЈАи ВИЗИЈА

- **Мисија - ЛЕСС е препознатливо професионално тело кое ќе придонесе кон подобрување на економско-социјалните услови во општина Штип.**

- **Визија –ЛЕСС Штип - Европски профилиран центар во регионот со воспоставен социо-економски дијалог во кој младите ја препознават својата иднина.**



## ПРИОРИТЕТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

**Приоритетни области на работење на ЛЕСС на Општина Штип произлегуваат од функцијата и улогата на ЛЕСС согласно документите за негово формирање и се насочени кон воспоставување на економско социјален дијалог преку кој партнерите во ЛЕСС ќе можат да ги реализираат заедничките, но и свои индивидуални цели и програми. Во согласност со тоа, приоритетните област на ЛЕСС се следните:**

- **Економија, образование иСоцијални работи.**



## АКТИВНОСТИ

- **Континуиранооджрување седници;**
- **Изработен *Стратешки План* 2013-2017г.(02 и 03 март 2013г.) кој излегува од печат во јули 2013г.;**
- **Работилница за јакнење на капацитетите (23 ноември 2013г.);**
- **Одржана јавна дискусија “Зелени работни места” (08 април 2014г.)**
- **Консултативна средба – Анализа на пазарот на труд во општина Штип (19 септември 2014г.).**



## ВРЕДНОСТИ

**Вредностите според кои што ќе се води ЛЕСС се почитување и усогласување на различните ставови и мислења на членовите на ЛЕСС и целокупната локална заедница, особено водејќи сметка за потребите на младите, одлучно, чесно и посветено работење и реализирање на целите, водејќи се од вредностите:**

**Л – лојалност кон интересите и потребите на сите граѓани на општина Штип**
**Е – единственост во настапот при застапувањето на интересите на граѓаните на општина Штип**
**С – стручност во пристапот и работата на Советот**
**С – соработка со секој кој е подготвен да придонесе за доброто на општината**

## ОСНОВАЧИ И ГЛАВНИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

- **Локалната власт - Општина Штип претставена со два претставника од општинската администрација и еден претставника од Советот на општината;**
- **Организација на работодавачите на Македонија – претставена со три членови;**
- **Сојуз на синдикатите на Македонија – Синдикална канцеларија во Штип – претставен со два члена;**
- **Конфедерација на слободни синдикати (КСС) - претставена со еден член;**
  - **Во работата на ЛЕСС Штип партиципираат:**
- **Агенција за вработување на Република Македонија, Центар за вработување – Штип**
- **Регионална занаетчиска комора - Штип;**
- **Текстилен кластер;**
- **Агенција за привремени вработувања;**
- **Претставник од средните училиштаи преставник на високото образование;**
- **Сојуз на млади - Штип;**
- **Претставник од ЦРИПР;**
- **Претставник од Заедницата на инвалидски организации Штип;**

***(Претседавач на ЛЕСС:Стамен Трајанов; Потпретседател: Марјан Костадиновск; Секретар: Маријана Трајкова- Општина Штип)***



